Врз основа на член 227 став 4 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија'' бр. 95/2005, 25/2007, 07/2008 и 57/2010) Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, на својата седница одржана на 06.12.2010 година, донесе

# ТАРИФНИК
## за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност

### Член 1

Средствата за работа на Комисијата за хартии од вредност се обезбедуваат од надоместоците кои Комисијата ги наплатува за покривање на трошоците за извршените услуги и тоа:

| | Вид на услуги согласно Законот за хартии од вредност | Висина на надоместок |
|---|---|---|
| 1 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за издавање хартии од вредност по пат на јавна понуда во обем до 1.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата | 0,40% од обемот на емисијата |
| 2 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за издавање хартии од вредност по пат на јавна понуда во обем од 1.000.001 евра до 10.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата | 0,35% од обемот на емисијата |
| 3 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за издавање хартии од вредност по пат на јавна понуда во обем од 10.000.001 евра до 50.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата | 0,30% од обемот на емисијата |
| 4 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за издавање хартии од вредност по пат на јавна понуда во обем над 50.000.001 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата | 0,25% од обемот на емисијата |
| 5 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за издавање хартии од вредност по пат на приватна понуда | 1,5% од обемот на емисијата на поднесеното барање, но не помалку од 100.000 денари |
| 6 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за одобрение за измени на Проспектот на издавачот | 7.000 денари |
| 7 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за дозвола за промена на идентитетот на познатиот купувач | 7.000 денари |
| 8 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за одобрение за необјавување на ценовно чувствителни информации во Проспектот на издавачот односно во Извештајот на акционерското друштво со посебни обврски за известување | 7.000 денари |
| 9 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за давање дозвола за основање на берза | 0,50% од износот на основната главнина |
| 10 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за давање дозвола за основање на депозитар за хартии од вредност | 0,50% од износот на основната главнина |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за давање дозвола за основање и работа на брокерска куќа и работа на банка за вршење на работи со хартии од вредност | 0,50% од износот на основната главнина |
| 12 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за давање дозвола за основање и работа на друштво за инвестиционо советување | 0,50% од износот на основната главнина |
| 13 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за давање согласност за стекнување на квалификувано учество во берза, депозитар и брокерска куќа | 30.000 денари |
| 14 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за давање, односно обновување на дозвола за работа на брокер или инвестиционен советник | 7.000 денари |
| 15 | Надоместок за учество на обука за вршење на работи со хартии од вредност | 12.500 денари |
| 16 | Надоместок за учество на обука за инвестиционо советување | 25.000 денари |
| 17 | Надоместок за повторно полагање на дел од стручен испит за вршење на работи со хартии од вредност | 1.000 денари |
| 18 | Надоместок за повторно полагање на дел од стручен испит за инвестиционо советување | 1.500 денари |
| 19 | Надоместок за издавање на дупликат на уверение за работа со хартии од вредност односно уверение за инвестиционо советување | 1.500 денари |
| 20 | Надоместок за разгледување и признавање на уверение за работа со хартии од вредност односно уверение за инвестиционо советување стекнато во странство | 10.000 денари |
| 21 | Надоместок за давање дозвола за основање подружница на странска брокерска куќа во Република Македонија | 0,50% од износот на основната главнина потребна за вршење на услугите со хартии од вредност согласно дозволата за работа |
| 22 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за издавање согласност за актите на здруженијата на учесниците на пазарот на хартии од вредност | 7.000 денари |
| 23 | Надомест за разгледување и одлучување по барање за давање согласност за именување директор на берза, брокерска куќа или депозитар на хартии од вредност | 12.000 денари |
| 24 | Надоместок за надзор на берзите | 0,006% од вкупната пазарна капитализација на сите сегменти на пазарот на последниот ден на тргување во претходната година |
| 25 | Надоместок за надзор на депозитари | 0,004% од вкупната номинална вредност на сите запишани долгорочни хартии од вредност во депозитарот на последниот ден на тргување од претходната година |
| 26 | Надоместок за надзор на брокерските куќи, односно банките со дозвола за работа со хартии од вредност | 0,03% од вкупниот промет со долгорочни хартии од вредност што месечно го остваруваат брокерските куќи, посебните организациони единици на овластените банки со дозвола за работење |

| | | |
|---|---|---|
| | | добиена од Комисијата и подружинците на странските брокерски куќи кои имаат добиено дозвола за работење од Комисијата и 2,5% од висината на вкупните приходи од останатите услуги согласно дозволата за работа |
| 27 | Надоместок за надзор на друштвата за управување со инвестициски фондови и инвестициските фондови | 0,50% од нето вредноста на имотот на фондовите со кои управува друштвото на последниот ден во годината |
| 28 | Надоместок за надзор на друштвата за инвестиционо советување | 2,5% од вкупните месечни приходи на друштвото |
| 29 | Надоместок за вршење теренска контрола кај учесниците на пазарот на хартии од вредност | 1.000 денари од секоја теренска контрола на која се утврдени неправилности и незаконитости во работењето |
| 30 | Еднократен годишен надоместок за водење, разгледување и проверка на извештаите на акционерско друштво во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување, и истиот се уплатува најдоцна до крајот на месец февруари од тековната година односно 15 дена по уписот во Регистарот за друштвата запишани во текот на годината | 7.000 денари |
| 31 | Надоместок за давање препис на податоци кои се водат во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување на Комисијата за хартии од вредност | 500 денари |

| | **Вид на услуги согласно Законот за инвестициски фондови и Законот за девизно работење** | **Висина на надоместок** |
|---|---|---|
| 1 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за давање одобрение за издавање и воведување хартии од вредност и документи за удел во резидентните инвестициони фондови во странство и за издавање и воведување на странски хартии од вредност во Република Македонија | 0,25% од обемот на вредноста на издадените и воведените хартии од вредност |
| 2 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за издавање дозвола за работење на друштво за управување со фондови | 0,70% од износот на основната главнина |
| 3 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за добивање одобрение за основање на отворен фонд | 0,40% од износот на паричните средства кои треба да се приберат |
| 4 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за добивање одобрение за основање на затворен фонд | 0,40% од износот на основната главнина |
| 5 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за добивање одобрение за избор или промена на депозитарна банка | 20.000 денари |
| 6 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за давање согласност за именување на член на надзорен односно одбор на директори на друштво за управување со фондови | 12.000 денари |
| 7 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за давање согласност за пренос на трети лица на извршувањето на работите и активностите на друштвото за управување со инвестициски фондови | 10.000 денари |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за добивање согласност за стекнување на квалификувано учество во друштвото за управување со инвестициски фондови | 30.000 денари |
| 9 | Надоместок за давање дозвола за основање подружница на странско друштво за управување со инвестициски фондови во Република Македонија | 0,70% од износот на основната главнина потребен за вршење на услугите со хартии од вредност согласно дозволата за работа |
| 10 | Надоместок за упис на друштво за управување со приватен фонд во регистарот на приватни фондови што го води Комисијата | 50.000 денари |
| 11 | Надоместок за промена на впишаните податоци на друштво за управување со приватен фонд во регистарот на приватни фондови што го води Комисијата | 30.000 денари |
| 12 | Надоместок за давање одобрение за припојување на инвестициски фондови | 10.000 денари |

| | **Вид на услуги согласно Законот за преземање на акционерски друштва** | **Висина на надоместок** |
|---|---|---|
| 1 | Надоместок за поднесување барање за издавање дозвола за понуда за откуп | 15.000 денари |
| 2 | Надоместок за издавање дозвола за понуда за откуп (кога хартиите од вредност што се предмет на преземање се плаќаат со пари, во случај на алтернативна понуда, во случај на комбинирана алтернативна понуда и во случај на променета понуда за откуп кога се нуди повисока цена) | 0,15% од депонираниот паричен износ потребен за плаќање на хартиите од вредност во депозитар за хартии од вредност |
| 3 | Надоместок за издавање дозвола за понуда за откуп (во случај на комбинирана понуда, (освен кога понудувачот нуди акции или обврзници што првпат ќе ги издаде заради преземањето, и во случај на променета понуда за откуп кога се нуди поповолен однос на замена) | 0,15% од вкупната пазарна цена на хартиите од вредност што се нудат за замена на хартиите од вредност - предмет на преземањето |
| 4 | Надоместок за издавање дозвола за понуда за откуп кога понудувачот нуди акции или обврзници што првпат ќе ги издаде заради преземањето( комбинирана понуда) | 0,25% од вкупната номинална вредност на хартиите од вредност што се нудат за замена |

| **Други приходи** | | |
|---|---|---|
| | | **Висина** |
| 1 | Надоместок за разгледување и одлучување по барање за издавање согласност на поединечните акти и на измените и дополнувањата на поединечните акти на депозитари на хартии од вредност, берзи, брокерски куќи, посебните организациони единици на овластените банки со дозвола за работење добиена од Комисијата, друштва за инвестиционо советување, друштва за управување со инвестициски фондови, инвестициски фондови | 15.000 денари |

**Член 2**

(1) Надоместоците треба да бидат уплатени во целост на денот на поднесување на барањето, на жиро-сметка на Комисијата.

(2) По исклучок на став 1 од овој член, надоместоците за надзор на берзите, депозитарите, брокерските куќи, посебните организациони единици со дозвола за работа со хартии од вредност и друштвата за управување со инвестициски фондови од членот 1 на овој тарифник се утврдуваат еднаш годишно и се плаќаат со примена на формулите од став 3,4, 5 и 6 на овој член на 12 месечни рати во рок од 15 дена по истек на месецот за претходниот месец.

(3) Месечниот надоместок за надзор на берзите се пресметува со примена на следнава формула:

$$\frac{\text{Вкупна пазарна капитализација на сите сегменти на пазарот на последниот ден на тргување во претходната година x 0,006\%}}{12}$$

(4) Месечниот надоместок за надзор на депозитарите се пресметува со примена на следнава формула:

$$\frac{\text{Вкупна номинална вредност на сите запишани долгорочни хартии од вредност во депозитарот на последниот ден на тргување во претходната година x 0,004\%}}{12}$$

(5) Месечниот надоместок за надзор на брокерските куќи, односно банките со дозвола за работа со хартии од вредност се пресметува со примена на следнава формула:

Вкупниот месечен промет со долгорочни хартии од вредност x 0,03%+ вкупни приходи од останатите услуги согласно дозволата за работа x 2,5%

(6) Месечниот надоместок за надзор на друштвата за управување со инвестициски фондови и инвестициските фондови се пресметува со примена на следнава формула:

$$\frac{\text{Нето вредноста на имотот на фондовите со кои управува друштвото на последниот ден во годината x 0,5\%}}{12}$$

(7) Месечниот надоместок за надзор на друштвата за инвестиционо советување се пресметува со примена на следнава формула:

Вкупни месечни приходи на друштвото x 0,25%

(8) Друштвата за инвестиционо советување од став 7 на овој член се должни надоместокот за надзор да го уплатат 15 дена по истек на месецот за претходниот месец.

**Член 3**

Со денот на влегувањето во сила на овој Тарифник престанува да важи Тарифникот за утврдување на висина на надоместоци што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија’’бр. 57/2008 и 64/09).

**Член 4**

Овој Тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

**Број 03-2989/1**
**Скопје, 06-12-2010 година**

**Комисија за хартии од вредност на**
**Република Македонија**
**Претседател**
**Марина Наќева-Кавракова**